Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Второта седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 2 јули 2024 година

Скопје, јули 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Втората седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 2 јули 2024 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем, Иван Стоиљковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење, Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска – Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата присуствуваше и Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваше м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини.

*

*  *

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јуни 2024 година

- Усвојување на Записникот од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јуни 2024 година

- Усвојување на Записникот од Дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јуни 2024 година

1. Предлог - одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги – Скопје

2. Предлог - одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела (ГП 1.01)

3. Предлог-одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела (ГП 1.02)

4. Предлог - одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела (ГП 1.04)

5. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП 1.05)

6. Предлог-одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела (ГП 1.07)

7. Предлог - одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела (ГП 1.08)

8. Предлог - одлука за давање на согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела (ГП 1.09)

9. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 21 мај 2024 година до 27 мај 2024 година

10. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 28 мај 2024 година до 3 јуни 2024 година

11. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 4 јуни 2024 година до 10 јуни 2024 година

12. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 16 мај 2024 година до 22 мај 2024 година

13. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 23 мај 2024 година до 29 мај 2024 година

14. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 30 мај 2024 година до 5 јуни 2024 година

15. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гази Баба (ГП 1.51, КО Сингелиќ-1)

16. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гази Баба

17. Кадровски прашања

18. Прашања и предлози

19. Информација за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Гостивар, со Предлог-одлука

20. Информација за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Аеродром, со Предлог-одлука

21. Предлог – одлука за престанок на важење на Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба на Друштвото за туристички услуги и сместување хотел - Куќа на уметноста ДОО с. Кнежино, Кичево

22. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан

23. Предлог - одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово

24. Информација за воспоставување на хармонизиран коридор за воена мобилност во рамките на Коридорот 8 меѓу Република Албанија, Република Северна Македонија, Република Бугарија и Република Италија

25. Информација за постапување во постапка за повторно поставување и враќање во употреба на оградата на Владата на Република Северна Македонија од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

26. Предлог на закон за изменување на Законот за здравствената заштита

27. Предлог - одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид во академската 2024/2025 година

28. Информација за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2024/2025 година, со Предлог – одлука

29. Предлог - одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2024/2025 година

30. Предлог - одлука за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2024/2025 година

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јуни 2024 година, Записникот од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јуни 2024 година и Записникот од Дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јуни 2024 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги Скопје.

**Точка 2**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела (ГП 1.01), за наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 3**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела (ГП 1.02) за наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 4**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела (ГП 1.04) за наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 5**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП 1.05), за наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела (ГП 1.07) за наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 7**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела (ГП 1.08), за наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 8**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за давање на согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела (ГП 1.09), за наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 9**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 21 мај 2024 година до 27 мај 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 28 мај 2024 година до 3 јуни 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период

од 4 јуни 2024 година до 10 јуни 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 16 мај 2024 година до 22 мај 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 13**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 23 мај 2024 година до 29 мај 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 14**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 30

мај 2024 година до 5 јуни 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гази Баба (ГП 1.51, КО Сингелиќ-1), (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гази Баба.

**Точка 17**

**1.** Владата го разреши Николче Бабовски од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

**1.1** Владата го именува Оливер Миланов за вршител на должноста директор на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**2.** Владата го разреши Денис Алити од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разреши Асаф Абдурамани од должноста вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

**3.1** Владата го именува Бранко Аџигогов за вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

**4.**Владата ја разреши Магдалена Филипоска – Грашкоска од должноста вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

**4.1** Владата го именува Сашо Клековски за вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

**5**. Владата го разреши Јован Деспотовски од должноста директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на негово барање.

**5.1** Владата го именува Гоце Димовски за вршител на должноста директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**6**.Владата го разреши Пајазит Љика од должноста вршител на должноста заменик - директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

**7.** Владата го разреши Јовица Стојановиќ од должноста вршител на должноста директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда.

**7.1**. Владата го именува Александар Пандов за вршител на должноста директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**8**.Владата од должноста членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“ Штип, ги разреши:

-Оља Костова
-Тања Неткова и
-Слободанка Момчилова

**8.1** Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“ Штип, ги именува:

-Тамара Ласкова
-Радица Јованова и
-Ивана Накова Аџипетрова

**9.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – П.О Скопје, ги разреши:

-Владимир Крстевски
-Трајанка Самарџиовска
-Ацо Јаневски
-Наум Јаковски
-Марјана Филиповска
-Сами Синани
-Горан Алексов
-Сафет Рамадани
-Илир Абдурамани

9.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – П.О Скопје, ги именува:

-Зоран Дончев
-Ефтим Орцев
-Слаѓана Бошковска
-Маја Крстеска
-Мирослав Видоески
-Александар Мијоски
-Елизабета Манушева Апостоловски

10. Владата го разреши Драган Угреновиќ од должноста директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, орган во состав на Министерството за односи меѓу заедниците.

11.Владата го разреши Адмир Ујкановиќ од должноста директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, орган во состав на Министерството за односи меѓу заедниците.

12. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје да го избере Здравко Трајанов.

13. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје од должноста заменик - директор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје да го разреши Сафет Мифтари, а за вршител на должноста заменик директор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје да го избере Кирче Михаилов.

## Точка 18

1.Владата на предлог на Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за наредната седница на Владата која ќе се одржи на 5 јули 2024 година, да достави соодветен предлог за формирање на Комисија за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, во нов состав.

2.Владата по повод укажувањето на м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, а во врска со издавањето на лиценци за приредување на игри на среќа, го задолжи Министерството за финансии за наредната седница на

Владата, што ќе се одржи на 5 јули 2024 година (петок), да подготви и до Владата да достави детална информација за издадените вакви лиценци.

**3.**Владата на предлог на Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство заклучи Агенцијата за стоковни резерви да ја запре започнатата постапка за набавка на пченица за потребите на стоковните резерви, односно да се поништи истата и потоа во координација со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да објават нов повик за пополнување на стоковните резерви со пченица од домашно производство, кој би бил со карактеристики на зрното од автохтоната македонска пченица.

**4.**Владата на предлог на д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжуваат сите министерства и други органи на државната управа своите активности во странство и со странски фактори задолжително да ги изведуваат во непосредна координација со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

2) Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ги преземе сите мерки за навремено и ефикасно постапување по барањата на министерствата, органите на државната управа и агенциите во нивната комуникација со странство и странски фактори.

3) Се задолжуваат сите министерства и други органи на државната управа да употребуваат формална комуникација кога се работи за прашања поврзани со утврдување надворешно политички ставови како и координација на иницијативи поврзани со билатерални посети во странство и учество на меѓународни конференции и настани на претставници на владините институции.

4)Се задолжуваат сите министерства и други органи на државната управа да доставуваат соодветни извештаи од реализирани билатерални посети во странство, учество на меѓународни конференции и настани или средби со странски претставници во нашата земја, во случај кога нема претставник од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на овие настани.

**5.**Владата го разгледа Барањето од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за измена на Заклучокот по точка 8 „Прашања и предлози“ од Нацрт – записникот од Првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јуни 2024 година, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Владата на предлог на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, а во врска со јавната набавка за лабораториски испитувања за здравствена заштита на животните во 2024 година, како услов за добивање на директни плаќања или

субвенции од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, како и висината на производната и откупната цена на пченицата за реколта 2024 година, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 5 јули 2024 година (петок) ги задолжи Агенцијата за храна и ветеринарство да достави информација во врска со јавната набавка за лабораториски испитувања за здравствена заштита на животните во 2024 година, како услов за добивање на директни плаќања или субвенции од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достави информација во врска со висината на производната и откупната цена на пченицата за реколта 2024 година.“

**6**.Владата по повод укажувањето на Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, а во врска со долгите колони возила кои настануваат на граничните премини во летниот период, при влез и излез од државата, заклучи Министерството за внатрешни работи да преземе соодветни мерки и активности со цел олеснување на движењето на граѓаните/туристите преку граничните премини.

**7**.Владата по повод укажувањето на Горан Минчев, министер за јавна администрација, а во врска со обезбедување на простории за потребите на Министерството за јавна администрација и Министерството за дигитална трансформација, ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да подготви и во најкус можен рок до Владата да достави информација за просториите со кои располага Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, а со цел надминување на ова прашање.

**8.**Владата заклучи да престанат да важат претходно донесените заклучоци и задолженија од Владата кои се однесуваат на разгледување на материјали во делот „Пред преминување на Дневен ред“, односно во овој дел од Дневниот ред, освен записници, да не се разгледуваат други материјали кои се доставуваат на разгледување во владина постапка.

**9**.Владата го разгледа Барањето од Министерството за образование и наука за повлекување на закони кои се во собраниска процедура, го прифати и притоа заклучи, да се повлечат од собраниска постапка, следните предлог на закони:

- Предлог на закон за образование на возрасните, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.41-5308/7 од 25 јули 2023 година.

- Предлог на закон за средното образование, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо  бр.41-511/3 од 16 јануари 2024 година.
- Предлог на закон за стручно образование и обука, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо  бр.41-1021/2 од 16 јануари 2024 година.

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.41-2070/10 од 11 април 2024 година.

- Предлог на закон за изменување на Законот за спортска академија, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.41-2969/1 од 30 август 2022 година.

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.40-8496/1 од 7 септември 2021 година.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Гостивар.

Притоа, министерот за здравство, д-р Арбен Таравари, не учествуваше во расправата и одлучувањето по оваа точка.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Аеродром, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Аеродром.

Притоа, министерот за надворешни работи и надворешна трговија д-р Тимчо Муцунски, не учествуваше во расправата и одлучувањето по оваа точка.

## Точка 21

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба на Друштвото за туристички услуги и сместување хотел - Куќа на уметноста ДОО с. Кнежино, Кичево и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 22

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ", во Република Либан, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен Владо Мисајловски, министер за одбрана, а за повереник Милан Андоновски, раководител на сектор во Министерството за одбрана.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување на хармонизиран коридор за воена мобилност во рамките на Коридорот 8 меѓу Република Албанија, Република Северна Македонија, Република Бугарија и Република Италија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Владо Мисајловски, министер за одбрана да го потпише Писмото за намери за воспоставување на хармонизиран коридор за воена мобинлност меѓу Република Албанија, Република Бугарија, Република Италија и Република Северна Македонија до 31 јули 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да подготви и до Владата да достави нова информација со динамички план за имплементација на Писмото на намери за воспоставување на хармонизиран коридор за воена мобилност меѓу Република Албанија, Република Бугарија, Република Италија и Република Северна Македонија, најдоцна до 30 октомври 2024 година.

Истовремено, Владата заклучи, министерот за одбрана, Владо Мисајловски, во рамките на состанокот на Северноатлантскиот совет на НАТО на ниво на министри за одбрана, да преземе активности за обезбедување на финансиски средства за реконструкција на граничните премини и кон Република Бугарија.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување во постапка за повторно поставување и враќање во употреба на оградата на Владата на Република Северна Македонија од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, ја усвои и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија во рамки на обезбедените средства во сопствениот буџет, да постапи и да преземе конкретни активности за повторно поставување на претходно отстранетата ограда на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 26

Владата го разгледа текстот на Предлогот на закон за изменување на Законот за здравствената заштита и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за здравствената заштита, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен д-р Арбен Таравари, министер за здравство, а за повереник Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

## Точка 27

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид во академската 2024/2025 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, во смисла фискалните импликации кои ќе произлезат со реализација на Одлуката, да се обезбедат во рамки на одобрените средства од буџетот на Министерството за образование и наука за 2024 година, наменети за дејноста високо образование.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2024/2025 година, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2024/2025 година.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2024/2025 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, во смисла фискалните импликации кои ќе произлезат со реализација на Одлуката, да се обезбедат во рамки на одобрените средства од буџетот на Министерството за образование и наука за 2024 година, наменети за дејноста високо образование.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2024/2025 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, во смисла фискалните импликации кои ќе произлезат со реализација на Одлуката, да се обезбедат во рамки на одобрените средства од буџетот на Министерството за образование и наука за 2024 година, наменети за дејноста високо образование.

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:40 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| Игор Јанушев | проф. д-р Христијан Мицкоски |